Потврдувам дека денес на

200__ година ја примив пратката означена на предната страница

| Примач | Потпис | Врачувач |
| --- | --- | --- |
| | | |

Забелешка на врачувачот во случај на неиспорачување

I дошл не најде дома ...
II дошл врата затворена
Извест 23.08.10

SKOPJE-DRAČEVO 23.08.10 1050

---

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

ОСНОВЕН СУД - РЕСЕН ПРИМЕНО 24.08.10

ЛИЧНО НА РАКА

ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА КАЈ ПОШТА 7310

II. Бр. 26/09

.............................. 200..... г.

R RR 067085419 MK

| Назад - Retour | |
| --- | --- |
| Непознат ☐ | Inconnu |
| Иселен ☐ | Déménagé |
| Умрел ☐ | Décédé |
| Адресата е недоволна ☐ | Adresse insuffisante |
| Неприма ☐ | Refusé |
| Отпатувал ☐ | Parti |

SKOPJE-DRAČEVO 23.08.10 1050

не дома

ДО Шефи Зенделовски

с. Морани

Ресен ~~Скопје~~

За се истакне на огласна табла

Вълан

III р.

# ПОВРАТНИЦА

II. бр. 26/09

Ев. ______

Предмет на пратката (назив на актот што се доставува) Пресуда П. 3705/09

Број на прилозите 1

Предадено на пошта во Ресен

На адреса Шефи Зенделовски

Во с. Морани Скопје

(Жиг на поштата)

ДО

ОСНОВЕН СУД
РЕСЕН

Истакнато на огласна табла 06.09.10

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет составен од судиите: Љубомир Бошевски - претседател, Павлина Лескова и Васил Баткоски - членови, во правната работа на тужителот Александар Каранфиловски од Ресен, против тужениот Шефки Зенделовски од с.Морани Скопје, за долг, вредност 350.000,00 денари, решавајќи по жалбата на тужениот против пресудата на Основниот суд во Ресен П.бр.26/09 од 06.10.2009 година, на седницата одржана на 14.04.2010 година, донесе

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужениот СЕ ОДБИВА.

Пресудата на Основниот суд во Ресен П.бр.26/09 од 06.10.2009 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Со обжалената пресуда усвоено е тужбеното барање на тужителот и задолжен е тужениот да му плати на тужителот износ од 350.000,00 денари, на име долг за купени 140 грла живи кози, со ЗЗК сметано од 25.12.2008 година до конечната исплата, како и да му ги надомести парничните трошоци во вкупен износ од 31.860,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на пресудата.

Незадоволен од вака донесената пресуда, тужениот преку полномошник адвокат Иванка Јакимовска од Скопје, изјави навремена жалба, со која ја напаѓа пресудата во целост, по сите основи од член 342 од ЗПП. Предлага жалбата да се уважи, а побиваната пресуда укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно судење.Одговор на жалба поднесе тужителот преку полномошник адвокат Весна Пецалевска од Ресен, со кој предлага жалбата да се одбие како неоснована, а побиваната пресуда потврди.

Апелациониот суд во Битола ги разгледа списите во предметот согласно член 354 од ЗПП, ја испита побиваната пресуда, жалбата и одговорот на жалба, па најде:

Жалбата е неоснована.

Иако истата е насловена како барање за враќање во поранешна состојба или жалба, за кои наслови одлучуваат два различни судови, со доставувањето на списите со предметот до овој суд, поднесокот се прифаќа како жалба бидејќи ги содржи сите елементи на жалба. По барањето за враќање во поранешна сосотојба одлучува секогаш првостепениот суд.

Имено, видно од договорот за продажба на стока заверен на нотар се утврди дека на ден 15.07.2008 година,тужителот му продал на тужениот 140 грла живи кози, за цена од 2.500,00 денари по грло, или за вкупна цена од 350.000,00 денари, кој договор е потпишан од двете странки и со истиот тужениот се обврза наведената цена да ја плати заклучно со 25.12.2008 година, а во спротивно да плати и законска затезна камата.

Од изведените докази во текот на постапката, пред се од исказот на сведокот Зоран Манчевски и тужителот, се утврди фактот дека долгот до денот на поднесувањето на тужбата не бил платен, иако направени биле повеќе обиди тужениот да го плати побаруваниот долг. Овој сведок бил присутен за време на склучувањето на договорот кај нотар, бидејќи продадените кози биле заедничка сопственост со тужителот, меѓутоа при склучувањето на договорот како продавач во истиот фигурирал само тужителот.

На така утврдената фактичка состојба, првостепениот суд постапувајќи согласно членот 442 ст.1 од ЗОО, според кој, со договорот за продажба продавачот се обврзува предметот што го продава да му го предаде на купувачот така што купувачот да стекне право на сопственост, а купувачот се обврзува да му ја плати на купувачот цената, го уважи тужбеното барање на тужителот. Прифаќа дека, во конкретниот случај тужителот ја исполнил својата обврска и му ги предал козите, додека пак тужениот, иако должен, со неплаќањето не ја исполнил својата обврска од договорот.

Жалбата на тужениот, со оглед на наведените причини во неа, овој суд цени дека е неоснована. Наведеното дека испратениот факс од страна на полномошникот на тужителот, поради неможност да биде примен од Основниот суд Ресен бил закаснат и била доволна причина судот да ја преотвори одржаната расправа од 11,00 часот, за овој суд се неосновани како жалбена причина бидејќи, видно од содржината на поднесениот факс тужениот не бара стрикно одлагање на расправата, а тоа што истиот не стигнал навреме односно пред одржувањето на расправата, не е оправдана причина за неодржување на веќе закажаната расправа, ниту претставува суштествена повреда на ЗПП. Имено, тужителот односно неговиот полномошник доколку не можел да присуствува на закажаната расправа, бил должен навремено да го извести судот или полномошникот да испрати свој заменик, или крајно тужителот да постави друг полномошник. Меѓутоа, странката се додека на добие одговор за одлагање на расправата од судот, должна е да присуствува на истата. Оттука со наведените причини во факсот, првостепениот суд не бил должен да ја одложи расправата и причините во факсот не претставуваат основ за одлагање, нити за поинакво одлучување.

Од изнесеното следуваше да се одлучи како во изреката на оваа пресуда, согласно член 357 од ЗПП.

ЕП/СС

Претседател на совет - судија,
Љубомир Бошевски с.р.

Апелационен суд РМ Битола
Верно со оригиналот потврдува
Овлас. работник